ПП бр: 09-7/

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисјата за за заштита на конкуренцијата во состав во состав: М-р. Борче Размоски–претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi - членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност со заклучок ПП бр.09-96/15 од 26.12.2025 година против Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари Битола, застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје, Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје со седиште на бул. Србија бр.2 Скопје, застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје, физичкото лице Зоран Кондратенко XXX од Скопје, застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје и Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, со седиште на Димитрие Чуповски бр.4-1/14 Скопје застапувано од Николчо Лазаров, управител, заради постоење на прекршок од член 60 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 22.04.2026 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со седиште на 1 с.Долно Оризари Битола со ЕМБС 5748402, ЕДБ 4002003155207 и жиро сметка 380603684000134 во ПРО КРЕДИТ банка АД, Скопје застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје, Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје со седиште на бул. Србија бр.2 Скопје со ЕМБС 5042780, ЕДБ 4030995150159 и жиро сметка 210050427800190 во НЛБ ТУТУНСКА банка АД, Скопје, застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје, физичкото лице Зоран Кондратенко XXX Скопје застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје и Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, со седиште на Димитрие Чуповски бр.4-1/14 Скопје со ЕМБС 7760825, ЕДБ 4080024622736 и жиро сметка 250010102589978 во ШПАРКАСЕ банка АД Скопје, застапувано од Николчо Лазаров, управител, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата биле должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување односно пред 18.06.2024 година, кога е поднесена пријава за упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија а по склучување на Договор за основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) на 22.05.2024 година истите во наведениот период не поднеле известување за концентрација, со што сториле прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата за што на:

-Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, му се изрекува санкција - глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0,022%

од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, остварен во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата

- Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0,026% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

- физичкото лице Зоран Кондратенко ХХХ Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 61.500 денари што претставува 0,4% од вредноста на вкупниот годишен приход на Зоран Кондратенко Скопје остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

-На Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје не му се изрекува санкција - глоба бидејќи вкупниот годишен приход на Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесува 0 денари.

2. Се утврдува дека Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со седиште на 1 с.Долно Оризари Битола со ЕМБС 5748402, ЕДБ 4002003155207 и жиро сметка 380603684000134 во ПРО КРЕДИТ банка АД, Скопје застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје, Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје со седиште на бул. Србија бр.2 Скопје со ЕМБС 5042780, ЕДБ 4030995150159 и жиро сметка 210050427800190 во НЛБ ТУТУНСКА банка АД, Скопје , застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје, физичкото лице Зоран Кондратенко ХХХ Скопје застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје и Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, со седиште на Димитрие Чуповски бр.4-1/14 Скопје со ЕМБС 7760825, ЕДБ 4080024622736 и жиро сметка 250010102589978 во ШПАРКАСЕ банка АД Скопје,застапувано од Николчо Лазаров, управител, иако согласно член 18 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата не смееле да ја спроведат концентрацијата пред 18.02.2026 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, истите ја спровеле концентрацијата на 18.06.2024 година со поднесувањето на пријава за упис до Централниот регистар на Република Северна Македонија, со што сториле прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата за што на:
- Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, му се изрекува санкција - глоба во износ од 1.230.000 денари што претставува 0,088% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, промет и

услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

- Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 1.230.000 денари што претставува 0,106% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

-На физичкото лице Зоран Кондратенко ХХХ Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 92.200 денари што претставува 0,6% од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Зоран Кондратенко Скопје остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

-На Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје не му се изрекува санкција - глоба бидејќи вкупниот годишен приход на Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесува 0 денари.

3.За прекршоците од точка 1. и 2. од ова решение на Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со седиште на 1 с.Долно Оризари Битола со ЕМБС 5748402, ЕДБ 4002003155207 и жиро сметка 380603684000134 во ПРО КРЕДИТ банка АД Скопје застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 1.537.500 денари, што претставува 0,11% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата, Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје со седиште на бул. Србија бр.2 Скопје со ЕМБС 5042780, ЕДБ 4030995150159 и жиро сметка 210050427800190 во НЛБ ТУТУНСКА банка АД, Скопје, застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 1.537.500 денари, што претставува 0,13 % од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје остварен во 2023 година(пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата и на физичкото лице Зоран Кондратенко со ХХХ Скопје застапувано од адвокат Гоце Цоневски од Скопје му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 153.700 денари, што претставува 1% од вредноста на вкупниот

годишен приход на физичкото лице Зоран Кондратенко остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

4.Глобата од точка 3. од ова решение, сторителите на прекршокот се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од обласа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) со цел да утврди постоење на евентуален прекршок од член 60 став (1) точка 1) и /или 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, со Заклучок ПП бр.09-96/1 од 27.08.2025 година од Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари Битола побара да ги достави следните податоци и документи: копија од договор за купопродажба/стекнување на удел во Друштво за производство, инжинеринг, трговија и консалтинг ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ ДОО со седиште на Булевар Србија бр.9 Скопје и копија од пречистен текст на договорот за основање на ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, како и евентуално други акти со кои се уредуваат меѓусебните односи помеѓу имателите на удели во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ. Копија од Договор за основање на Друштво за изградба и управување со недвижности КЕС ПРОПЕРТИС ДОО Скопје со седиште на Булевар Србија бр.2 Скопје (евентуални измени и дополна на истиот), и евентуално други акти со кои се уредуваат меѓусебните односи помеѓу имателите на удели во КЕС ПРОПЕРТИС ДОО, податок за сите друштва во кои СТЕНТОН ГРАДБА поседува удели (да се наведе назив на друштвото, адреса, ЕМБС), колкав удел поседува и кога го стекнал истиот и податок за сите друштва во кои лицата Гоце Стојаноски, со адреса на ул.Скоевска бр.120 Битола и Горан Стојаноски со адреса на ул. Скоевска бр.106 Битола поседуваат удели (да се наведе назив на друштвото, адреса, ЕМБС), колкав удел поседуваат и кога го стекнале истиот.
Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-96/2 од 01.09.2025 година.

Со допис Наш ПП бр. 09-96/3 од 18.09.2025 година СТЕНТОН ГРАДБА достави одговор на заклучокот.

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

КОП со Заклучок ПП бр.09-96/4 од 21.11.2025 година од физичкото лице Зоран Кондратенко побара да ги достави следните податоци и документи: Копија од договор за купопродажба/стекнување на удел во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, копија од пречистен текст на договорот за основање на ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, како и евентуално други акти со кои се уредуваат меѓусебните односи помеѓу имателите на удели во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, податок за сите друштва во кои физичкото лице Зоран Кондратенко ХХХ Скопје поседувало удели на 18.06.2024 година (да се наведе назив на друштвото, адреса, ЕМБС), колкав удел поседува и кога го стекнал истиот и податок за вкупно остварени приходи во 2023 година, и колку од нив се остварени со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата.
Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-96/5 од 21.11.2025 година.

КОП со Заклучок ПП бр.09-96/6 од 21.11.2025 година од ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН побара да ги достави следните податоци и документи: копија од договор за купопродажба/стекнување на удел во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ. Копија од пречистен текст на договорот за основање на ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, како и евентуално други акти со кои се уредуваат меѓусебните односи помеѓу имателите на удели во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, податок за сите друштва во кои ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН поседувало удели на 18.06.2024 година (да се наведе назив на друштвото, адреса, ЕМБС), колкав удел поседува и кога го стекнал истиот и податок за сите поврзани друштва на ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН Скопје (валеачки друштва, зависни друштва на владеачките друштва и зависни друштва на зависните друштва) со состојба на 18.06.2024 година. За истите да се достави назив адреса и матичен/регистарски број и коклкав удел поседуваат.
- Податок за вкупно остварени приходи во 2023 година, и колку од нив се остварени со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата,
Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-96/7 од 21.11.2025 година.

КОП со Заклучок ПП бр.09-96/8 од 21.11.2025 година од ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран побара да ги достави следните податоци и документи: копија од договор за купопродажба/стекнување на удел во ЕНЕРГО СИСТЕМ. Копија од пречистен текст на договорот за основање на ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, како и евентуално други акти со кои се уредуваат меѓусебните односи помеѓу имателите на удели во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИ, Податок за сите друштва во кои ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран поседувало удели на 18.06.2024 година (да се наведе назив на друштвото, адреса, ЕМБС), колкав удел поседувало и кога го стекнало истиот, податок за вкупно остварени приходи во 2023 година, и колку од нив се остварени со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата и податок за тоа кои биле сопственици во ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран на 18.06.2025 година и колкави биле нивните удели на 18.06.2024 година.
Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-96/9 од 21.11.2025 година.

Со допис Наш ПП бр. 09-96/10 од 03.12.2025 година ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН достави одговор на заклучокот.

Со допис Наш ПП бр.09-96/11 од 10.12.2025 година физичкото лице Зоран Кондратенко достави одговор на заклучокот.

Со допис Наш ПП бр.09-96/12 од 10.12.2025 година ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран достави одговор на заклучокот.

Со допис Наш ПП бр.09-96/13 од 15.12.2025 година физичкото лице Зоран Кондратенко со достави дополнителни податоци.

Со допис Наш ППбр.09-96/14 од 16.12.2025 година ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН достави дополнителни податоци.

На ден 26.12.2025 година КОП донесе заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-96/15 со кој го задолжи:
- СТЕНТОН ГРАДБА ДОО до КОП да достави: податок за вкупно остварени приходи на СТЕНТОН ГРАДБА ДОО во 2023 година во Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот и податок за вкупно остварени приходи на ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ , пресметани согласно член 16 од Законот ,
- физичкото лице Зоран Кондратенко да достави: податок за вкупно остварени приходи во 2023 година (на друштвата во кои тој е доминантен сопственик), остварени со продажба на стоки и услуги во Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот и
- ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО да достави податок за вкупно остварени приходи во 2023 година во Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот. Заклучокот е доставен со пропратно писмоПП бр. 09-96/16 од 26.12.2025.

Со Допис наш ПП бр. 09-96/17 од 30.12.2026 година ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН достави барање за продолжување на рокот за доставување на бараните податоци.
Со Допис наш ПП бр. 09-96/18 од 31.12.2026 година Зоран Кондратенко, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО и СТЕНТОН ГРАДБА ДОО доставија барање за продолжување на рокот за доставување на бараните податоци.
Со допис ПП бр. 09-7/1 од 05.01.2026 година КОП одговори на барањето на ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН.
Со допис ПП бр.09-7/2 од 08.01.2026 година КОП одговори на барањето на Зоран Кондратенко, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО и СТЕНТОН ГРАДБА ДОО.
Со допис Наш ПП бр. 09-7/3 од 21.01.2026 година Зоран Кондратенко, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО и СТЕНТОН ГРАДБА ДОО доставија одговор на заклучокот.

Со допис Наш ПП бр. 09-7/4 од 26.01.2026 година ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН достави одговор на заклучокот.

Со допис Наш ПП бр. 09-7/5 од 21.01.2026 година Зоран Кондратенко, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО и СТЕНТОН ГРАДБА ДОО доставија дополнителни податоци.

На ден 05.02.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата од физичкото лице Зоран Кондратенко, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН е доставен допис наш УП бр.08-3.

На ден 12.02.2026 година КОП донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-7/6, доставено  со допис ПП бр.09-7/7 од 12.02.2026 година.

Со допис наш ПП бр.09-7/8 од 17.02.2026 година ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО и СТЕНТОН ГРАДБА ДОО и Зоран Кондратенко доставија податоци.
Со допис наш ПП бр.09-7/9 од 11.03.2026 година ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО и СТЕНТОН ГРАДБА ДОО и Зоран Кондратенко доставија произнесување по прелиминарно известување.

На ден 16.03.2026 година со допис ПП бр. 09-7/10 Комисијата за заштита на конкуренцијата достави известување до КОП.
На ден 27.03.2026 година КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-7/12, доставено  со допис ПП бр.09-7/12 од 27.03.2026 година.

Со допис наш ПП бр.09-7/13 од 16.04.2026 година ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО, СТЕНТОН ГРАДБА ДОО и Зоран Кондратенко доставија произнесување по конечното известување.

**Врз основа на анализа на прибавените податоци и документи КОП во постапка по предметот, ја утврди следната фактичка состојба:**

На ден 22.05.2024 година бил склучен Договор за пренос на удел без надомест во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ ДОО помеѓу Оливер Костовски со живеалиште на ул.Војвода Васил Чакаларов бр.1/1-28 Скопје и Зоран Кондратенко како пренесувачи на удел од една страна и ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН Скопје како стекнувачи на удел, врз основа на кој, по преносот на удел ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран поседува 30% од основната главни во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, СТЕНТОН ГРАДБА поседува 30% удел, ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН поседува 10%, а Зоран Кондратенко поседува 30% удел во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ.

Горенаведените содружници во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ склучиле Договор за основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) на ден 22.05.2024 година согласно кој (член 11 од договорот) одлуките во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ се донесуваат со 100% гласови на собир на содружниците.

Оттука физичкото лице Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран СТЕНТОН ГРАДБА и  ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН стекнале заедничка контрола над ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, а со наведениот Договотр од 22.05.2024 година СТЕНТОН ГРАДБА, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН влегуваат во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ ДОО како нови содружници.

Наведениот Договор за основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 22.05.2024 година е реализиран на 18.06.2024 година кога е поднесена пријава за упис до Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

До Комисијата за заштита на конкуренцијата известување за предметната концентрација е доставено на 17.12.2025 година, а дополнето на 09.01.2026 година и на 05.02.2026 година, односно целосно известување е доставено на 05.02.2026 година..

Решението со кое Комисијата за заштита на конкуренцијата ја одобрува предметната концентрација е донесено на 18.02.2026 година

Дополнително КОП од Централниот Регистар електронски ги прибави сите релевантни документи (историјат на промени, тековни состојби и прегледи од податоци за годишна сметка).

***Настанување на концентрација***

Согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а особено како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие.
На ден 22.05.2024 година е склучен Договор за основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) помеѓу содружниците на ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ и тоа: физичкото лице Зоран Кондратенко, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН, од кој е видно дека согласно член 11 одлуките во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ се донесуваат со 100% гласови на собир на содружниците. Согласно наведениот Договотр од 22.05.2024 година СТЕНТОН ГРАДБА во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ поседува 30% удел, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран 30% удел, ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН 10% удел, додека физичкото лице Зоран Кондратенко има удел од 30% во ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ.

Наведениот Договор за основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) од 22.05.2024 година е реализиран на 18.06.2024 година кога е поднесена пријава за упис до Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

Оттука физичкото лице Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН стекнале заедничка контрола над ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ.

Со решението Уп.бр.08-3 од 18.02.2026 година Комисијата за заштита на конкуренцијата утврдила дека предметната трансакција потпаѓа под одредбите на Законот, односно дека истат е концентрација.

***Услови за известување за концентрација***

Согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот, известување за концентрација до Комисијата се поднесува ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или

заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност.

1.СТЕНТОН ГРАДБА, во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата остварил вкупен приход од 1.392.031.215 денари што изнесува 22.636.494 евра[2], сите во Република Северна Македонија.

2.ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата остварил вкупен приход од 0 денари.

3.ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата остварил вкупен приход од 1.151.723.417 денари што изнесува 18.728.732 евра, од кои во Република Северна Македонија 1.108.168.307 денари што изнесува 18.020.461 евра.

4.Зоран Кондратенко е сопственик на контролен удел во:

- Друштво за производство трговија и услуги  и консалтинг ТЕХНОИЖЕНЕРИНГ ПРО ДООЕЛ Скопје со седиште на Булевар Србија бр.2 Скопје, во кое поседува 100% од уделот. ТЕХНОИЖЕНЕРИНГ ПРО ДООЕЛ Скопје во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата остварил вкупен приход од 359.990 денари што изнесува 5.853 евра, сите во Република Северна Македонија

-Друштво за трговија и услуги ХОУМ РОБОТС ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Нобелова бр.17 Скопје во кое поседува 100% од уделот.  ХОУМ РОБОТС ДООЕЛ Скопје во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата остварил вкупен приход од 6.611.719 денари што изнесува 107.516 евра, од кои во Република Северна Македонија 6.436.431 денари што изнесува 104.637 евра.

- Друштво за производство на електрична енергиј, трговија и услуги МОНТИНГ ЕЛЕКТРО ПРОИЗВОДСТВО ДОО со седиште на Новачки пат бр.1 Битола, во кое поседува 52% удел. МОНТИНГ ЕЛЕКТРО ПРОИЗВОДСТВО ДОО во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата остварил вкупен приход од 8.382.670 денари што изнесува 136.314 евра сите во Република Северна Македонија.
Оттука вкупните приходи на Зоран Кондратенко пресметани согласно член 16 од Законот инесуваат  15.354.379 денари, односно 249.684 евра.
Дополнително Зоран Кондратенко поседува и 50% од уделот во ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран.

5.ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ ДОО во 2023 година како година која и претходи на концентрацијата остварил вкупен приход од 1.100.541 денари односно 17.896 евра, сите во Република Северна Македонија.

---

[2] Среден курс на НБРСМ на 31.12.2023 година 1 евро=61,495 денари

Од наведените податоци е видно дека заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници во концентрацијата, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, најмалку еден од учесниците е регистриран во Република Северна Македонија и заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност

***Обврска за известување за концентрација***

Согласно член 15 став (1) од Законот учесниците во коцентрацијата се должни до Комисијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување. Неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.

Согласно член 15 став (3) од Законот, при стекнување на заедничка контрола, заедничко известување поднесуваат учесниците во спојувањето односно стекнувачите на заедничката контрола, во случајот Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН .

Од горенаведеното неспорно е дека со предметната трансакција Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН стекнале заедничка контрола над ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, па оттука согласно член 15 став (1) од Законот постоела обврска за Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН, да достават до Комисијата известување за концентрација по склучување на Договор за основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) склучен на ден 22.05.2024 година, а пред 18.06.2024 година кога е поднесена пријава за упис до Централниот Регистар на Република Северна Македонија, со што сториле прекршок од од член 60 став (1) точка 1) од Законот.

СТЕНТОН ГРАДБА ДОО и ИДАКС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ известување за наведената концентрација до Комисијата доставиле на 17.12.2025 година, а дополнето на 09.01.2026 година и на 05.02.2026 година, односно целосно известување е доставено на 05.02.2026 година, кога Комисијата ги примила сите податоци и исправи утврдени во Законот.

Согласно Законот за сторениот прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот на Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ќе им се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на*

*конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупните приходи на СТЕНТОН ГРАДБА, во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 1.392.031.215 денари.

Вкупните приходи на ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат од 0 денари.

Вкупните приходи на ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 1.151.723.417 денари

Вкупните приходи на Зоран Кондратенко во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 15.354.379 денари.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението бр. 08-3 од 18.02.2026 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН до Комисијата доставија известување за концентрација на 17.12.205 година и истото го дополнја на 09.01.2026 година и на 05.02.2026 година,и
- Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ефективно соработуваа со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН како лица кои стекнале заедничка контрола над ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ, иако согласно член 15 од Законот биле должни до Комисијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување односно пред 18.06.2024 година, кога е поднесена пријава за упис до Централниот Регистар на Република Северна Македонија, а по склучување на Договор за основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност (пречистен текст) на 22.05.2024 година истите во наведениот период не поднеле известување за концентрација, со што сториле прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за што на:
-На СТЕНТОН ГРАДБА му се изрекува санкција - глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0,022% од вредноста на вкупниот годишен приход на СТЕНТОН ГРАДБА

остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

-На ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран му се изрекува санкција - глоба во износ од 307.500 денари што претставува 0,026% од вредноста на вкупниот годишен приход на ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

- На Зоран Кондратенко Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 61.500 денари што претставува 0,4% од вредноста на вкупниот годишен приход на Зоран Кондратенко Скопје остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

-На ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН не му се изрекува санкција - глоба бидејќи вкупниот годишен приход на ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесува 0 денари.

Согласно член 18 став (1) од Законот, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

КОП утврди дека концентрацијата е спроведена пред да биде поднесено известувањето до Комисијата и без да биде донесено решение од Комисијата, односно Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН постапиле спротивно на член 18 став (1) од Законот.

Концентрацијата е спроведена 18.06.2024 година кога е поднесена пријава за упис до Централниот Регистар на Република Северна Македонија пред да биде поднесено известувањето до Комисијата, и без да биде донесено решение од Комисијата со кое е утврдено дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

Комисијата решението по известувањето за предметната концентрација го донела на 18.02.2026 година.

Спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 2) од Законот е од 18.06.2024 година кога е поднесена пријава за упис до Централниот Регистар на Република Северна Македонија до 18.02.2026 година кога Комисијата донела решението по известувањето за предметната концентрација, односно прекршокот траел 1 година и 8 месеци.

Согласно Законот за сторениот прекршок член 60 став (1) точка 2) од Законот на Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ

ИММОБИЛИЕН ќе им се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупните приходи на СТЕНТОН ГРАДБА, во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 1.392.031.215 денари.

Вкупните приходи на ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат од 0 денари.

Вкупните приходи на ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 1.151.723.417 денари

Вкупните приходи на Зоран Кондратенко во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесуваат 15.354.379 денари.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението УП бр. 08-3 од 18.02.2026 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН до Комисијата доставија известување за концентрација на 17.12.205 година и истото го дополнја на 09.01.2026 година и на 05.02.2026 година,и
- Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН како лица кои стекнале контрола над ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ,иако согласно член 18 став (1)

од Законот не смееле да ја спроведат концентрацијата пред 18.02.2026 година, како ден кога Комисијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот Зоран Кондратенко Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран, СТЕНТОН ГРАДБА и ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ја спроведеле концентрацијата на 18.06.2024 година, кога е поднесена пријава за упис до Централниот Регистар на Република Северна Македонија, со што сторила прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за што:

- На СТЕНТОН ГРАДБА му се изрекува санкција - глоба во износ од 1.230.000 денари што претставува 0,088% од вредноста на вкупниот годишен приход на СТЕНТОН ГРАДБА остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

-На ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран му се изрекува санкција - глоба во износ од 1.230.000 денари што претставува 0,106% од вредноста на вкупниот годишен приход на ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

-На Зоран Кондратенко Скопје му се изрекува санкција - глоба во износ од 92.200 денари што претставува 0,6% од вредноста на вкупниот годишен приход на Зоран Кондратенко Скопје остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

-На ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН не му се изрекува санкција - глоба бидејќи вкупниот годишен приход на ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата изнесува 0 денари.

Согласно член 17 став (1) од Законот за прекршоците - ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди прекршочна санкција за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена прекршочна санкција сите така утврдени прекршочни санкции.
Согласно член 17 став (2) од Законот за прекршоците - Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена прекршочна санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Оттука, согласно член 17 од Законот за прекршоците на СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 1.537.500 денари, што претставува 0,11% од вредноста на вкупниот годишен приход на друштвото остварен во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата, на ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 1.537.500 денари, што претставува 0,13 % од вредноста на вкупниот годишен приход на друштвото остварен во 2023 година(пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата и на физичкото лице Зоран Кондратенко му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 153.700 денари, што претставува 1% од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Зоран Кондратенко остварен

во 2023 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата

КОП го ценеше произнесувањето на СТЕНТОН ГРАДБА ДОО ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО и на Зоран Кондратенко по конечното известување, но утврди дека истито не е од значење за утврдување на поинаква фактичка состојба од следните причини:

Повредата на член 15 од Законот, се констатира во моментот на спроведување на концентрацијата без претходно доставување известување до Комисијата. Членот 15 експлицитно пропишува дека известувањето за концентрација мора да биде поднесено пред спроведување на самата концентрација. Во конкретниот случај, спроведувањето на концентрацијата се случило на 01.09.2025 година со поднесувањето на пријава за упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
Доставувањето на известувањето до Комисијата се случило дури 4 месеци подоцна, на 23.01.2026 година (кога е доставено целосно известување), што е по фактичкото спроведување на концентрацијата. Поднесувањето на известување по извршената концентрација не ја анулира правната последица од сторениот прекршок. Тоа единствено овозможува Комисијата да ја оцени концентрацијата според член 17 од Законот и да донесе решение дали истата е или не е во согласност со Законот. Таквото оценување е важно за евентуална забрана или дозвола на концентрацијата, но не го негира постоењето на прекршокот, кој е формално исполнет со спроведување на концентрацијата без претходно известување до Комисијата.
Повредата на член 18 од Законот (спроведување пред одобрување) е независна од доставување известувањето до Комисијата. Дури и откако известување ќе биде поднесено, концентрацијата не смее да се спроведе се додека Комисијата не донесе одлука дека истата е во согласност со Законот (чл. 18). Во овој случај, решението за оценка на концентрацијата Комисијата го донела на 04.02.2026 година. Но, концентрацијата е спроведена на 01.09.2025 година, што значи дека постои повреда на член 18 од Законот, дури и ако последователно е утврдено дека концентрацијата не го нарушува пазарот. Одобрувањето на концентрацијата не исклучува прекршочна одговорност. Дека концентрацијата не предизвикува негативен ефект врз конкуренцијата, како што утврдила Комисијата со решение од 04.02.2026, е релевантно за материјалната оценка на концентрацијата, но не е од значење за прекршочната одговорност за непријавување и предвремено спроведување. Прифаќањето на аргументот на странките би значело дека секој учесник може да ја спроведе концентрацијата без претходно известување и дури потоа, без правни последици, доколку КОП открие дека е спроведена таква концентрација и поведе прекршочна постапка да достави известување и да се повика на тоа дека „не постои опасност“. Тоа би било спротивно на превентивниот дух на контролата над концентрациите, кој има за цел да ги спречи потенцијалните негативни ефекти пред да настанат, а не само да ги утврдува post factum.
Доколку Комисијата утврдила дека концентрацијата која е спроведена без поднесување на известување (спротивно на член 15) и без Комисијата да донесе решение (спротивно на член 18) не е во согласност со Законот, односно за последица има нарушување на конкуренцијата, Законот во член 22 предвидува мерки кои Комисијата може да ги преземе со цел повторно воспоставување на ефективна конкуренција на релевантниот пазар - да наложи продажба или пренос на стекнатите акции или удели, да забрани или да ограничи

остварување на право на глас поврзано со акциите или уделите на учесниците во концентрацијата, да наложи престанување на постоење на заедничко вложување (joint venture) или на други облици на стекнување на контрола во смисла на член 12 Законот, како и да наложи привремени мерки за повторно воспоставување или одржување на ефективна конкуренција согланско член 23 од Законот.
Оттука, Законот јасно утврдил постоење на прекршок од член 60 став (1) точка 1) и точка 2) независно дали Комисијата последователно ја одбрила концентрацијата или не.
Доколку Комисијата не ја одобрила концентрацијата, Законот предвидува мерки кои може да ги преземе Комисијата за повторно воспоставување на ефективна конкуренција на релевантниот пазар.
Имено КОП истакнува дека е точно дека доколку концентрацијата е спроведена пред да се поднесе известување, тоа значи и дека е спроведена пред Комисијата да донесе решение за одобрување/неодобрување на концентрацијата.  Меѓутоа Законот не прави хиерархија помеѓу овие два прекршока и предвидува изрекување на одвоена глоба за секој од наведените прекршоци. Имено член 15 став (1) и член 18 став (1) од Законот претставуваат независни одредби, едната предвидува обврска за сторување, додека другата предвидува обврска за несторување.

Законот за заштита на конкуренцијата е усогласен со Регулативата на Советот на Европската комисија бр.139/2004 па во конкретниот случај КОП се водеше меѓу другото и од Пресуда на Судот на Правдата во предметот Ц-10/18П од 4.03.2020 година [3].
Законот за заштита на конкуренцијата уредува две јасно разграничени обврски, и тоа:
- член 15 од ЗЗК кој предвидува обврска на учесниците да поднесат известување за концентрација кога концентрацијата ги исполнува законските критериуми, и
- член 18 од Законот кој дефинира забрана за спроведување на концентрацијата пред донесување на решение на Комисијата или пред истекот на законските рокови.

Овие одредби уредуваат две одвоени и независни обврски: првата е обврска за позитивно сторување (поднесување пријава), втората е обврска за воздржување (забрана на прерано спроведување). Фактот што и двете произлегуваат од истата деловна трансакција (концентрацијата) не значи дека се работи за „ист прекршок“.
Понатаму, член 60 став (1) точка 1) и член 60 став (1) т.2 од Законот санкционираат две различни дејствија и претставуваат два различни прекршоци. Член 60 став (1) точка 1), го санкционира неподнесувањето известување за концентрација спротивно на член 15 од Законот, додека член 60 став (1) точка 2), го санкционира спроведувањето на концентрацијата пред донесување решение од Комисијата, спротивно на член 18 Законот. Иако и двата прекршоци се поврзани со концентрацијата, тие се однесуваат на различни обврски:
- обврска за позитивно сторување (поднесување известување), и
- обврска за воздржување (не смее да се спроведе концентрацијата пред решение на Комисијата).

Неподнесувањето на известување само по себе е прекршок, независно од тоа кога е спроведена концентрацијата. Член 18 уредува забрана за спроведување пред решение на Комисијата. Оваа забрана важи во секој случај, без разлика дали известување било или не било поднесено. Со тоа, тужителот го прекршил и член 15 и член 18.

[3] Пресуда на Судот на Правдата  во предметот Ц-10/18П од 4.03.2020 година (Judgment of the Court (Fourth Chamber) of 4 March 2020 in Case C-10/18 P, - Mowi ASA (Formerly Marine Harvest ASA) vs European Commission

Понатаму, тужителот треба да прави разлика дека начело дефинирано во член 5 од Законот за прекршоците (начелото „ne bis in idem“) забранува една иста личност да биде двапати санкционирана за ист прекршок. Во конкретниот случај, јасно е дека не се работи за „ист прекршок“, туку за две различни правни обврски од Законот за заштита на конкуренцијата, чија повреда повлекува различни санкции.
Како што нагласува и Судот на правдата на ЕУ во предметот C-10/18 P – Mowi ASA против Европската комисија, обврската за известување и забраната за спроведување се одделни обврски, чија повреда повлекува одвоени санкции. Судот посочува дека доколку би се прифатило спротивното, целта на контролата на концентрации би била целосно поткопана, учесниците би можеле или да не поднесат известување, или да спроведат концентрација предвреме, а во секој случај би се соочиле само со една санкција. Тоа би ја направило одредбата неефикасна.
Дополнително, во предметите на Европската комисија, како Marine Harvest/Mowi (Case COMP/M.7184, 2014), Комисијата изрекува одделни глоби токму за непријавување и за рано спроведување на концентрацијата („gun-jumping“), бидејќи се работи за кумулативни прекршоци. Оваа пракса беше потврдена и пред Општиот суд на ЕУ и пред Судот на правдата (C-10/18 P).
Исто така, во предметот Altice Europe N.V. (Case M.7993, 2018), Европската комисија има изречено високи глоби поради тоа што компанијата и не пријавила концентрација во рок и истовремено ја спровела предвреме. И тука Судот прифати дека станува збор за два одвоени прекршоци.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски с.р**